Унија На Македонски Професионални
Асоцијации во Креативните Индустрии
ул. Климент Охридски бр. 63А-8
1000 Скопје, Р.С. Македонија

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 27.08.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 23-13-5 | | 1 | ✓ |

До:
Влада на Република Северна Македонија
Бул. Илинден бр.2
1000 Скопје
Комисија за организации со статус од јавен интерес

Датум: 27.08.2025

**ДОПИС - БАРАЊЕ**

Почитувани,

Согласно добиениот допис - Барање од Ваша страна на ден 25.08.2025 година со Ваш архивски број 23-13/4, сакаме да Ве информираме дека иако веќе нецели шест години како УМПАКИ го има добиено статусот на „Организација од јавен интерес“, до сега немаме добиено ниту видено некаква поволност, покана за заедничка работа и дејствување во доменот на културата, работа на проекти, иницијативи, ниту пак сме увиделе дека било работено или дека се работи на истото. Во исто време нам ни се налагаат обврски и постапувања кои финансиски побаруваат големи издатоци, а кои УМПАКИ ги нема и нема од каде да ги обезбеди.

Поради тоа, имајќи го предвид фактот дека финансиски не сме во можност да го покриеме трошокот за бараниот Ревизорски извештај (кој е исклучително висок) и следствено на тоа не сме во можност истиот да го реализираме и да го испратиме, бараме од членовите на Комисијата за организации со статус од јавен интерес, да го разгледа ова наше барање и да ни даде насоки за наоѓање решение за оваа ситуација или да даде согласност финансискиот издаток кој произлегува од Ревизорскиот извештај да биде покриен од страна на Владата?!

Доколку не постои можност за изнаоѓање на решение по одонос на ова прашање со ревизорскиот извештај и доколку доставувањето на ревизорскиот извештај е услов за да се задржи Статусот на „Организација од јавен интерес“, подготвени сме да го изгубиме Статусот имајќи предвид дека неможеме финансиски да го издржиме тој товар. Спремни сме да ни се одземе доделениот статус на „Организација од јавен интерес“ и воедно да бидеме избришани од регистарот на „Организација од јавен интерес“, кој за жал мораме да

констатираме дека не ни донесе ништо позитивно, туку сосема спротивно само додатни обврски и големи финансиски издатоци

Со почит,

Кирил Ѓозев
Претседател